Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-142/5
26.07. 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-142/1 од 30.06.2021 поднесена од [redacted] ул. [redacted] Битола за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.07.2021 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА** ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на социјално потекло од страна на Влада на Република Северна Македонија врз [redacted]

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.06.2021, беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted], со место на живеење ул. [redacted] Битола, против Влада на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителката наведува дека врз неа, како невработена, која својата егзистенција ја обезбедува од пензијата на нејзиниот сопруг е сторена дискриминација врз основа на социјално потекло од страна на Влада на Република Северна Македонија.

Согласно наводите од претставката подносителката тврди дека е дискриминирана врз основа на социјално потекло, бидејќи не добила социјален пакет од мерките на Владата на Република Северна Македонија за помош на граѓаните.

Од документацијата на подносителката во претставката се гледа дека, за истиот проблем се обратила до Влада на Република Македонија, од каде добила негативен одговор без да се наведе причина за таквиот одговор.

Подносителката се обратила и до Народен Правобранител – Битола, кој одговорил дека постапката ја прекинува и предметот е испратен до Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со образложение дека категорија на граѓани без примања, во која спаѓа и подносителката не се предвидени и опфатени во Законот за финансиска поддршка.

Подносителката продолжила решението за проблемот да го бара до Хелсиншки комитет за човекови права од каде добила одговор дека во иднина ќе се заложат оваа категорија на граѓани, кои немаат никакви приходи и не се јавуваат како пасивни баратели на работа, да бидат активно вклучени во процесот на донесување на следни пакет економски мерки. Исто така добиле насока да се обратат до Комисија за спречување и заштита од дискриминација како специјализирано тело за еднаквост односно недискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор.

На 30.06.20201 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-142/2 од 30.06.2021 до Влада на Република Северна Македонија со барање за писмено произнесување на наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 12.07.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено писмено произнесување по предметната претставката од Влада на Република Северна Македонија, преку генералниот секретар.

Во поднесокот за произнесување по претставката е наведено кои категории на лица се опфатени за помош, согласно чл. 2 од Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмските работници и естрадни уметници се уредуваат.

За лицето кое не спаѓа во ниту една категорија – корисници на финансиска поддршка, предвидени во погоре цитираниот закон, претставува законска пречка за доделување еднократна финансиска поддршка предвидена согласно Законот за финансиска поддршка на граѓани. Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 290/20, со ветување дека во иднина ако има измени и дополнување на постоечкиот закон, не би имало пречка да го користат правото на финансиска поддршка и ваквата категорија на граѓани.

Видно од доставените докази од страна на лицето против кое е поднесена претставката, подносителката, не може да го оствари правото на социјален пакет, како финансиска помош, поради фактот што не припаѓаат на ниту една категорија согласно Законот за финансиска поддршка.

Согласно наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост и недискриминација.

Владата на Република Северна Македонија во својство на извршна власт не извршила дискриминација врз основа на социјално потекло на лице без приходи, некатегоризирани лица согласно з а во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација и од тие причини одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
26.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted]
- Генерален секретаријат- г-н Мухамед Зеќири-Бул. Илинден бр.2-Скопје